**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3835/**

# З А П И С Н И К

**Од 253.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 25.06.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ**(скајп)**,, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани**(скајп)**,,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**.**

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата започна во 14.30 часот.
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 252.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги на Македонската телевизија.

3. Разно.

бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

---

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 252.седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 252.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Членот Ристе Панов даде дополнување по Заклучокот нотиран во записникот од 252.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 252.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 252.седница на Програмскиот Совет на МРТ со дадените забелешки.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Ценовник за технички услуги на Македонската телевизија.**
Воведно излагање по оваа точка даде Алимпие Алулоски од Одделението за стручна и технича поддршка на Програмскиот совет и објасни дека последниот Ценовник за технички услуги на Македонска телевизија датира од 2019 година и е застарен во однос на цените за трудот, горивата, како и самите уреди (кои се изнајмуваат) на пазарот.
Па поради тоа сега во споредба со цените на Cirap (EBU), како и еминентни рентал компании изготвен е нов Ценовник за технички услуги на Македонската телевизија и истиот е предложен на ваше разгледување и усвојување.
Исто така Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија и даде согласност на истиот.

По расправата Заменик Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Ведат Мемедалија го стави на гласање Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија.

■ **Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија** беше ставен на гласање

- ЗА гласаа: **11** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаше: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Ценовникот за технички услуги на Македонската телевизија е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред членот Илир Рамадани предложи Заклучок:
●Директорот на МРТ да достави Информација за финансиската состојба на ЈРП МРТ, поточно дали Министерството за финансии ги има префлрено на МРТ средствата предвидени со закон,потота колкави се долговите на МРТ и дали се плаќаат редовно обврските на МРТ кон договорните страни со кои има склучени договори за програма.
-Заклучокот беше едголасно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 14.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

---

Ведат Мемедалија
заменик претседател